РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-103
07.04.2025 година / viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 121 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.124/15) и член 42 став 1 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-103 од 03.04.2025 г. за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г. („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.51/25), а согласно Заклучокот, арх.бр.02-1587/2 од 04.04.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 04.04.2025 г. донесе

**ОДЛУКА**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г., со оглед дека радиодифузерот во целост ја отстранил причината поради која Советот на Агенцијата ја донел предметната одлука, односно на 02.04.2025 г. во целост ги исполнил следниве финансиски обврски, кон Агенцијата, и тоа:

- ја плати Фактурата бр.2025-100-0011 од 10.01.2025 г. (наш арх.бр.05-137/1 од 10.01.2025 г.) за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2025 г. до 04.01.2026 г., во износ од 1.240.182,00 (еден милион и двестотини четириесет илјади и сто осумдесет и два) денари;
- ги плати трошоците во износ од 3.268,00 (три илјади и двестотини шеесет и осум) денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозвола, во Службен весник на РСМ, бр.51/25 – по Фактура бр.2320-6849/27 од 10.03.2025 г. (наш арх.бр.05-1106/1 од 19.03.2025 г.);
- ги плати трошоците во вкупен износ од 23.714,00 (дваесет и три илјади и седумстотини и четиринаесет) денари, со вклучен ДДВ за објавување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата, во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ (по Фактура на Вечер Прес ДООЕЛ Скопје бр.2510300321 од 05.03.2025 г. (наш арх.бр.05-1166/1 од 21.03.2025 г.) и Фактура на Коха Продуктион ДОО Скопје бр.36136/2025 од 18.03.2025 г. (наш арх.бр.05-1167/1 од 21.03.2025 г.);
- ги плати трошоците во износ од 1.083,00 (илјада и осумдесет и три) денари, со вклучен ДДВ за објавување на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 бр.08-83 од 07.03.2025 г., во Службен весник на РСМ, бр.56/25 – по Фактура бр.2617-6849/27 од 14.03.2025 г. (наш арх.бр.05-1241/1 од 24.03.2025 г.);
- ги плати трошоците во износ од 3.268,00 (три илјади и двестотини шеесет и осум) денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г., во Службен весник на РСМ.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, најдоцна до 11.04.2025 г. да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на ден 02.04.2025 г. против Агенцијата, за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г.

3. Фактурата бр.2025-100-0087 од 06.03.2025 г. (наш арх.бр.05-915/1 од 06.03.2025 г.) која се однесува само за периодот на работење, односно до денот на донесувањето на Одлуката за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г., ќе се сторнира, а Фактурата бр.2025-100-0011 од 10.01.2025 г. (наш арх.бр.05-137/1 од 10.01.2025 г.) за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2025 г. заклучно со 04.01.2026 г., што претходно беше сторнирана со Одлуката за одземање, Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г., која радиодифузерот ја плати во целост на 02.04.2025 г., повторно е во важност.

4. Оваа одлука стапува во сила на ден 11.04.2025 г., под услов Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, најдоцна до 11.04.2025 г. да ја повлече Тужбата, наведена во точка 2 од оваа Одлука и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не ја исполни обврската содржана во точката 2 од оваа Одлука во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г.

5. По стапувањето во сила на оваа одлука, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се запишува во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

6. Оваа Одлука се објавува во Службен весник на РСМ, и на веб страницата на Агенцијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 28.02.2025 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-799/7 од 28.02.2025 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. со која ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г., поради тоа што имателот на дозволата не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок - 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2025-100-0011 од 10.01.2025 г. (наш арх.бр.05-137/1 од 10.01.2025 г.) во износ од 1.240.182,00 (еден милион и двестотини четириесет илјади и сто осумдесет и два) денари. Одлуката беше објавена во („Службен весник на РСМ“, бр.51/25). Воедно, по донесување на цитираната одлука за одземање на дозволата, Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 07.03.2025 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-910/5 од 07.03.2025 г., донесе Решение, Уп1 бр.08-83 од 07.03.2025 г. со кое Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје беше избришано од регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

На 03.04.2025 г. до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски од Секторот за финансии и логистика беше доставено Известување арх.бр.05-661/2 од 03.04.2025 г., дека Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје по донесената Одлука Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на 02.04.2025 г. извршил уплата на годишниот

надоместок за дозволата за телевизиско емитување, како и дека трошоците кои произлегуваат од постапката за враќање на дозволата ги платил во целост. Врз основа на цитираното известување беше констатирано дека радиодифузерот во целост ги исполнил финансиските обврски кон Агенцијата, наведени во точка 1 на оваа Одлука.

Воедно, на 03.04.2025 г. до Агенцијата од страна на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје беше доставено Барање за враќање на дозволата за емитување телевизиска програма, наш Уп1 бр.08-103 од 03.04.2025 г., со во прилог примерок од Тужба, поднесена пред Управен Суд на РСМ на 02.04.2025 г., против Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со приемен печат од Управниот суд на РСМ од 02.04.2025 г.

Следствено на наведеното, Фактурата бр.2025-100-0087 од 06.03.2025 г. (наш арх.бр.05-915/1 од 06.03.2025 г.) која се однесува само за периодот на работење, односно до денот на донесувањето на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г., се сторнира, а Фактурата бр.2025-100-0011 од 10.01.2025 г. (наш арх.бр.05-137/1 од 10.01.2025 г.) за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2025 г. заклучно со 04.01.2026 г., што претходно беше сторнирана со Одлуката за одземање, Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г., која радиодифузерот ја плати во целост на 02.04.2025 г., повторно е во важност.

Согласно законската можност содржана во член 121 од Законот за општа управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управните спорови, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, најдоцна до 11.04.2025 г. треба да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на 02.04.2025 г. против Агенцијата, наведена во точката 2 од оваа Одлука и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не ја исполни обврската содржана во точката 2 од оваа Одлука во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г.

Имајќи предвид дека Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со уплатата од 02.04.2025 г. во целост го подмири годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2025 г. до 04.01.2026 г., како и ги подмири сите финансиски обврски кон Агенцијата кои произлегоа по донесувањето на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г. а согласно Известувањето од Секторот за Финансии и логистика арх.бр.05-661/2 од 03.04.2025 г., се смета дека Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во целост ја отстранил причината поради која Советот на Агенцијата ја донел Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г.

Согласно член 121 од Законот за општата управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управни спорови, Советот на Агенцијата, го усвои Предлогот Уп1 бр.08-103 од 03.04.2025 г. за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г., за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г. и на 15-та седница, одржана на 04.04.2025 г. согласно со Заклучокот арх.бр.02-1587/2 од 04.04.2025 г., донесе Одлука со која се пристапи кон поништување на Одлуката Уп1 бр.08-55 од 03.03.2025 г. на Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.08-18 од 07.09.2023 г.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ и
- Архивата на Управен Суд на РСМ.